Туристичка Агенција ``**ТЕРРА ТРАВЕЛ СКАЈ** `` ул. Луј Пастер Бр:9- Палата Македонија – Скопје
Тел: +389 2 3100 199 / 3100 177
**Лиценца А Рег.Број:13-5859/2**
www.terratravel.com.mk terratravel@terratravel.com.mk

# БАНГКОК – КРАБИ





## *12 дена/ 9 ноќи*

*Секое патување во Азија започнува со Бангкок и со Бангкок се завршува! Тоа е основно правило, непишано, но правило. Првиот впечаток, првиот мирис, допир, вкус на овој град може и да не ти се допадне ама и не мора да значи. И онака веќе е касно, веќе си тука. А кога еднаш ќе пристигнеш, нема назад. Може ти сеуште не го знаеш тоа, но тој веќе ти е навлезен под кожа. Има и уште едно правило, ова може да е првиот пат да си тука, ама не е последен со сигурност, бидејќи кој дојде во урбаната џунгла се враќа сигурно, без исклучок, бидејќи тоа е БАНГКОК. Луд, влажен, брз, работи според магнетен принцип, колку поблиску му се при приближиш толку потешко ќе се отргнеш! А магијата не завршува тука....*

### *1.Ден СКОПЈЕ-ДУБАИ*

Поагање од аеродромот "Александар Велики", два часа пре д лет со авио компанијата Fly Dubai. Лет за Бангког во 13:05h, со застанување во Дубаи.

### *2. Ден ДУБАИ-БАНГКОК*

**Пристигнување** во Бангкок во 10:50h, трансфер до одбраниот хотел, сместување во хотел. Ноќно крстарење по реката Chao Praya со вклучена вечера. Можност за слободно индивидуално време. **Ноќевање**.

### *3.Ден БАНГКОК*

**Појадок**, по појадокот организиран разглед на Бангкок со локален водич. Можност за посета на палатите: Grand Palace, Wat Pho (Палатата на златниот Буда), Wat Phra Kaew (Палатата на емералдниот Буда), Wat Arun (Палатата на Зората), која е лоцирана од другата страна на реката Chao Phraya. Посета и можност за релаксација и фотографирање на еден од најпрекрасните зајдисонца во градскиот Lumpini Park. Посета на ноќен пазар, карактеристичен за тајландскиот стил на живот, дегустирање на различни таљандски специјалитети приготвени на специфичен и несекојдневен начин.(индивидуално). Слободно време. **Ноќевање**.

### *4.Ден БАНГКОК*

**Појадок**, по појадокот можност за посета на пловечки маркет кои се главна одлика на тајландската култура. Во минатото Бангког уште бил споредуван и со Венеција поради својот голем број на канали иако поради здраствени причини истите се покриле, но сепак пловечките маркети сеуште остануваат да постојат и да се главна туристичка агенција. Ќе успеете на несекојдневен начин да пловите по река и воедно да се снабдите со локално овошје, зеленчук па дури и сувенир од тезгите лоцирани на сам брод. Можност за посета на rooftop бар и вистински да ја уживате во глетка над градот на ангелите – Бангкок која ќе ве одведе на целосна нова димензија.(инидивидуално) Слободно време. **Ноќевање**

### *5.Ден БАНГКОК - КРАБИ*

**Појадок**, по појадокот напуштање на хотелот и трансфер до аеродром. Лет со локална авиокомпанија до бисерот на КРАБИ. При слетување трансфер до одбраниот хотел и сместување . Индивидуално слободно време. **Ноќевање**

### *6 .Ден- 10. Ден.КРАБИ*

**Појадок**, Резервирано време исклучиво за максимална релаксација и уживање. Плажите лоцирани на Краби островот се точно она што секој од нас го смета за незаборавен одмор од соништата. Краби островот лоциран во јужниот дел на

Андманско море, се карактеризира со исклучителни корални гребени проследени со бел песок и тиркизно море, воедно изобилува со голем број на водопади, пештери и блиски острови. Можност и широк избор на ескурзии. Сето тоа ќе направи да се чуствувате како да сте во рајот.Рајот на земјата...

## *11. Ден КРАБИ - БАНГКОК*

**Појадок**, по појадокот одјавување од хотелот и можност за дружба со грпата или индивидуално време до поагање за Бангкок. Во попладневните часови трансфер до аеродром и лет за Бангкок. При слетување превземање на багажот и слободно време до лет за Дубаи.

## *12.Ден БАНГКОК- ДУБАИ-СКОПЈЕ*

Во 02:35h лет за Дубаи, со авиокомпанијата Fly Dubai, стоп во Дубаи, индивидуално време до полетување за Скопје во 09:15h. Предвидено пристигнување во Скопје во пладневните часови.

| *Термин* | *Хотели со 3*/по лице* | *Хотели со 4*/по лице* |
|---|---|---|
| *01.10-01.11.2017* | ***Од 350€*** | ***Од550€*** |
| *01.11-15.12.2017* | ***Од 390€*** | ***Од 585€*** |
| *15.12-15.01.2018* | ***Од 455€*** | ***Од 705€*** |
| *15.01-01.05.2018* | ***Од 420€*** | ***Од 599€*** |

## Во цената е вклучено:

- ✓ Сместување во хотел со 3*/4* во Бангкок на база 3 BB
- ✓ Сместување во хотел со 3*/4* во Краби на база 6 BB
- ✓ Повратен авио билет Бангкок – Краби – Бангкок (со чекиран багаж од 20кг.)
- ✓ Трансфери аеродром – хотел – аеродром

## Во цената не е вклучено:

- Авио билет на релација Скопје – Бангкок – Скопје
- Трошоци за виза 65€ по лице
- Патничко осигурување
- Инидивидуални трошоци
- Индивидуални екскурзи

## Напомена:

- За овој аранжман важат општите услови за патување на СКТМ и Т.А Терра Травел Скај
- Организаторот го задржува правото на промена на редоследот на активностите во програмата
- Секое лице потребно е да поседува валидна патна исправа (пасош) со минимум важност 6 месеци од денот на враќање

## Начин на плаќање:

- При правење на резервација потребна е уплата од 50% од вкупниот износ, остатокот треба да се доплати 30 дена пред поаѓање
- При отказ на резервација во било кој период пред почетокот на аранжманот, се задржува целисниот износ на авиобилетот кој не е рефундабилен и е предмет на преоменлива вредност.

## Информации за виза:

-Потребни се 2 фотографии на бела позадина – големина на сликите како за пасош
-Мин. валидност на пасош 6 месеци од денот на враќање
-Апликација за виза